# МАТЕРИЈАЛИ

Д-р Александар МАТКОВСКИ

## НЕПОЗНАТ БУНТ ВО ДУКАЃИНСКИОТ САНЏАК ВО 1565 ГОДИНА

Охридскиот и Дукаѓинскиот санџак во втората половина на XVI век биле речиси во постојан бунт. Османлиските власти со големи маки и со вложување на огромни усилби ги задушувале овие бунтови, кои се јавувале де во едниот, де во другиот санџак. Бидејќи бунтовите не биле раководени од еден центар ниту биле претходно добро организирани, туку избувнале спорадачно и спонтано, и бидејќи главно имале локален карактер, турските власти најчесто ги задушувале на тој начин што меѓусебно ги скарувале бунтовниците или земале војски од еден санџак за угушување на бунтот во другиот санџак. Обично биле ползувани војските на соседните санџаци.

Бунтот во Дукаѓинскиот санџак од 1565 година не бил осамен. Имало бунтови и пред и по 1565 година. Ние си поставивме за цел да ги проучиме досега непознатите бунтови против османлиската власт на Балканскиот Полуостров и за таа цел ги простудиравме турските документи од Мухиме дефтерите што се чуваат во Истанбул во Başvekaleti arşivi, а чии фотокопии ги има Институтот за национална историја во Скопје. Од сите балкански провинции најмногу бунтови имало во граничната област меѓу Албанија и Македонија, Албанија и Србија и Албанија и Црна Гора. Општо земено Албанија била една од најбунтовните области во Европска Турција. Токму затоа моите истражувања ги усмерувам кон проучување на турските документи што се однесуваат и на споменатите области. За некои непознати буни јас веќе пишував.[1]) Ова е нов прилог кон непознатите буни во Албанија. Хронолошки ќе пишувам и

---

[1]) Александар Матковски: Еден значаен и непознат бунт во Дебарската нахија од 1560 година. Прилози на МАНУ, I, 1 Скопје 1970 64—80. Непознати бунтови во Охридскиот санџак од 1566—1574. Прилози на МАНУ II, 1. Скопје 1971. Две непознате буне у Скадарском санџаку из друге половине XVI века. Историјски записи, год. XXIII, кн. XXVII, 1—2, Титоград 1970, 147—157.

за другите буни што не ги забележала балканската историографија.

За бунтот од 1565 година во Дукаѓинскиот санџак постојат 13 турски документи; три документи се од мухиме дефтер бр. 5, 9 се од мухиме дефер бр. 6, а еден е од михиме дефтер бр. 7. Најраниот документ е од 29 декември 1564, а последниот од 5 ноември 1568 година. Тоа значи дека сите документи се автентични и современи т.е. од периодот кога се случил бунтот. Турските документи отворено не ги кажуваат причините за бунтот. За нив бунтот има разбојнички карактер. Ова е разбирливо кога се знае дека тие документи настанале во највисоките турски органи на власта како што бил Диванот т.е. султанскиот совет, кој на сите бунтови гледал како на разбојништво. Но токму од овие документи може да се согледа и социјалниот карактер на бунтот кој вешто се прикривал. Ова не бил бунт на незадоволни бегови и полусамостојни албански феудалци против централната турска власт; туку бунт на селани од повеќе села, кои се дигнале како против централната власт, уште повеќе против локалните спахии. Големите давачки кон државата и спахиите ги сосипувале селаните кои живееле во пасивни краишта каде што секојдневната борба била за гол опстанок. Покрај легалното ограбување на селаните преку најразноврсни давачки за државата и спахијата, како причини за бунтот биле и честите физички напади на спахиите врз селаните. Спахиите организирале свои чети кои го тероризирале населението грабејќи му го добитокот, храната, жените и девојките. На чело, на овие чети често стоеле самите спахии кои, со неприкриени методи, напаѓале врз селското население. Поитрите спахии организирале чети кои грабеле за нивна сметка. Таквите спахии не само што никогаш јавно не се покажувале со нивните чети, туку често пред селаните се претставувале како прогонувачи на истите. Турската централна власт ги прогонувала таквите спахии и често ги казнувала со одземање на тимарот или зеаметот. Таа имала интерес ограбувањето на селаните да се ограничи само на легални средства пропишани од највисоките власти. Меѓутоа, таа не само што не била доследна во прогонувањето на ваквите спахии; туку немала ни сила да излезе на крај со нив бидејќи поради бирократизмот и поткупувањето што владееле во Османската империја, мерките што ги преземала централната власт или не се спроведувале во локалните органи или се спроведувале само делумно. Спахиите чето биле лични пријатели на претставниците на турските локални и повисоки турски власти како што биле кадиите, санџакбеговите и сл., а често со нив го делеле и ограбениот приход. Против таквите спахии селаните често поднесувале жалби до повисоките турски органи барајќи од нив да бидат заштитени. Дури кога ќе ги исцрпеле легалните средства се дигале на бунт. Затоа бунто-

вите претставувале не само протест против власта туку и еден вид самозаштита на селаните.

Во Охридскиот и Дукаѓинскиот санџак во текот на 1564 и 1565 година постоеле повеќе чети организирани од спахиите. Така, во еден документ од 29 декември 1564 година се вели дека повеќе лица на чело со Диване Хамза ги ограбувале и ги палеле селата во Дебарската каза. Покрај тоа што однесле десет одбрани деца кои ги продале како робови на богатите Турци; отепале уште и еден воденичар, кој не сакал да им даде брашно и тоа така што го запалиле жив заедно со воденицата. Потоа четата избегала и се криела кај санџакбегот на Трикала. Селаните дознале кои биле во четата и каде таа се криела и (поднесле тужба до Диванот.[2]) Централната турска власт од Истанбул презела мерка и тоа така што наредила на елбасанскиот санџак-бег да го испита случајот и по можност да ги фати напаѓачите. Што станало понатаму не е познато. Документи за тоа не постојат. Во еден друг документ од 29 април 1565 година пак се споменува една друга чета на чело со некој си Гази, која по селата на Охридскиот санџак грабала деца и ги продавала.[3]). На 26 мај 1565 година бил напишан уште еден документ во кој се споменува некој си Искендер кој бил спахија и со својата чета шетал по разни села од Охридскиот санџак, кои ги сметал за свој тимар и ги ограбувал селаните. Покрај тоа тој зел две девојки и едно машко дете и некаде ги продал; многу лица ранил, запалил повеќе анови и однесол волови, кози и јарињa. Откако Искендер со четата заминал во истите села дошла друга чета која се претставувала дека го гони Искендера и почнала да ги тероризира селаните велејќи им дека треба да платат казни затоа што не го фатиле Искендера. Тие од селаните земале многу пари и им наредиле да го пронајдат и да го фатат Искендера.[4]) Така селаните биле ограбувани час од едните, час од другите. Немајќи друг излез тие се жалеле и против едните и против другите до централната власт која им наредила на охридскиот бег и на кадијата од Мат да се фати Искендер со четата и да се затвори во тврдина. Меѓутоа, Искендер никогаш не бил ни фатен, ни затворен. Тој своите ограбувања ги продолжил, па дури и се засилил уште повеќе. За него постои уште еден документ од 24 ноември 1565 година во кој се вели дека спахијата Искендер со своите синови, со жителите од неговите тимари и со повеќе други спахии, вкупно со околу 500 лица, меѓу кои имало и христијани со имињата Милош и Коле, нападнале на селото Мартиш од Дебарската каза, ја пожнеале жетвата на селото,

---

[2]) Мухиме дефтер 6, док. бр. 28 (Нумерациіата на документот е дадена според нумерацијата што е дадена во Институтот за национална историја во Скопје).

[3]) М. Д. 4, док. бр. 42.

[4]) М. Д. 6, док. бр. 48.

направиле гумно, го овршиле житото, истото го натовариле на коњи и однесле повеќе од 60 товари. Покрај тоа однесле повеќе машки и женски деца кои ги продале.[5])

Од овие четири документи се гледа дека нападите на спахиите и нивните чети врз селаните биле честа појава во 1565 година и дека била доста развиена трговијата со грабнати деца. Спахиите и нивните чети ги грабеле децата а потоа ги продавале на богатите Турци, кои женските деца ги давале во харемите, а машките за слуги и момци. Како што видовме од документите, храната на селаните им била ограбувана како со легални така и со нелегални средства, а со одземањето на децата селаните биле лишувани и од работна рака. Сето ова создавало незадоволства, кои повремено се претвораат во бунтови.

Не знаеме точно кога започнал бунтот во Дукаѓинскиот санџак. Исто така не знаеме што било непосреден повод за бунтот. Според еден документ од 26 февруари 1565 година се гледа дека на оваа дата бунтот веќе бил разгорен до таа мерка што дукаѓинскиот бег Ахмед бил принуден да бара итна помош од Високата порта. По ова прашање Диванот заседавал и одлучил да се испрати наредба до охридскиот бег за да даде помош со војска на дукаѓинскиот бег.[6]) Според овој документ може да заклучиме дека бунтот започнал во самиот почеток на 1565 година и тоа во средзимо кога патиштата биле непроодни за движење на војската. Иако не знаеме што било непосреден повод за бунтот, во еден документ од 23 септември 1565 година сепак се споменува како дошло до него. Дукаѓинскиот бег вели дека додека бил во инспекција со 40 спахии по веќе побунетите нахии на Дебар и Гора и додека таму бил зафатен со смирување на бунтовниците, се побуниле нахиите Фанти и Јуфте.[7]) Од ова може да заклучиме дека бунтот започнал на југ во нахиите Фанти и Јуфте за да се прошири кон крајот на 1565 година дури до Скадар и Подгорица. Така, овој бунт имал три етапи: прво започнал во Дебар и Гора кадешто мошне бргу бил угушен и тоа со војските на Охридскиот санџак (бидејќи овие нахии биле во негов состав) на кои во помош им дошле 40 спахии на чело со дукаѓинскиот бег Ахмед. Втората етапа траела низ целата 1565 година и се одвивала во Дукаѓинскиот санџак, и таа била најмасовна, најкрвава и најтешка за задушување. Овој пат дукаѓинскиот бег барал помош во војски од соседните санџаци. Третата — последна етапа се одвивала сосема на северниот дел на Албанија, во Скадарскиот санџак, околу Скадар и Подгорица кадешто се побуниле брдските црногорски и албански племиња. Така бунтот се ширел од југ на север т.е. од Дебар до Подгорица.

---

5) М. Д.. 6, док. бр. 18

6) М. Д. 6, док. бр. 32.

7) М. Д. 5, док. бр. 2

Според документите се побуниле следниве села од дукаѓинскиот санџак: Брод, Раб, Ребја, Арасне, Зејаде, Риле, Инбале, Кечтар, Калумрина, Кучук Фанти, Билакза, Кучук Мердит, Бујук Мердит, Колчник, Кртлу, Мамиш, Улвишт, Кош и Серви,[8]) т.е. се кренале нахиите Фанти и Јуфте од Дукаѓинскиот санџак и нахиите Дебар и Гора од Охридскиот санџак со селата Лура, Реч и Дарди[9]). Бунтот се раширил на доста голема територија меѓу Дебар и Скадар со средиште околу селата Улвиш, Кош, Серви, Големо и Мало Мердит во Дукаѓинскиот санџак. Најглавен снабдувач на бунтовниците со храна било селото Мамиш. Изгледа дека бунтовниците таму имале складирано храна.[10]) Од документот се гледа дека и Скадарскиот санџак бил опфатен со овој бунт, но сосема периферно како што било случај и со Охридскиот санџак. Така, овој бунт ги опфатил сите три санџаци што тогаш постоеле во Албанија според административната поделба на Османлиската Империја. Овој доста распространет бунт го исползувале и брдските црногорски племиња од нахиите Пипер, Братоножиќи, Бремица, Букмир, Гојсалик, Црмница и Кучи кои припаѓале во нахијата на Подгорица како и селата Степаније и Селце од нахијата Клемент, кои исто така се побуниле.[11])

На 26 февруари 1565 година султанскиот Диван издал две наредби: едната упатена до дукаѓинскиот, а другата до охридскиот бег.[12]) Од наредбата упатена до дукаѓинскиот бег Ахмед дознаваме дека споменатите села се побуниле. Побуната се состоела во тоа што селаните ги зазеле премините што воделе кон албанските пристаништа и на тој начин овие важни патишта биле затворени за трговците и војската. Покрај тоа тие нападнале и на некои села од Скадарскиот санџак. Понатаму, дукаѓинскиот бег се жалел дека бунтот бил од големи размери и дека и сам немал можност да ги смири и затоа бил принуден да побара помош. Тој барал доволно количество на мустахфизи, азапи, хисар-ери и спахии од беговите на Охрид, Елбасан и Скадар. Во наредбата Диванот понатаму му наредува на дукаѓинскиот бег, со помошта што ќе му стигнела од Охрид, Скадар и Елбасан да ги обиколи побунетите краишта, да ги „стави под сабја“ селата што не се покоруваат, а имотот, жените и децата да им се ограбат за да биде тоа поука на другите[13])

Во другата наредба, упатена до охридскиот бег, се вели: „Кога ќе пристигне човекот и писмото од дукаѓинскиот бег да бара помош во војска за да ја задуши побуната собери доста мустахфизи од тврдините, азапи и стрелци со пушки, стрели, ла-

---

[8]) М. Д. 6, док. бр. 31. Се оградувам од точноста на дешифрираните села.
[9]) М. Д. 6, док. бр. 22.
[10]) М. Д. 6, док. бр. 31.
[11]) М. Д. 6, док. бр. 19—20.
[12]) М. Д. 6, док. бр. 31 и 32.
[13]) М. Д. 6, док. бр. 31.

кови и копја и испрати му ги заедно со еден сердар кој ќе го поставиш на нивно чело."[14])

Иако дукаѓинскиот бег добил помош во војски од Елбасан, Охрид и Скадар, во септември 1565 година бунтот уште траел и затоа Високата порта била принудена од Истанбул да му испрати како помош уште 200 јаничари.[15]) Така дукаѓинскиот бег со своите трупи, потпомогнат со војските од соседните санџаци и со 200 јаничари што му ги испратила Високата порта како и со многубројни трговци и со вооружената придружба на трговските карвани кои ги мобилизирал започнал борба со побунетите претходно поставувајќи ноќни заседи по патиштата каде што ги очекувал вооружените селани. Ова било во есента 1565 година. Меѓутоа и овој пат не постигнал успех. Многу негови луѓе, меѓу кои и еден војвода, биле отепани и ранети. Меѓу другите биле отепани и двајца трговци. Загубите на побунетите не се споменуваат. Се вели само дека им биле запленети само неколку коњски товари. Од ова може да се заклучи дека побунетите немале загуби во луѓе инаку би се споменале. Овој неуспех тој го оправдува со тоа што вели дека побунетите биле помногубројни.[16]).

На 25 ноември 1565 година Високата порта испратила распис до сите санџаци во Империјата и наредила сите оние бунтовници, кои не се за бесење или ликвидирање да се испратат за веслачи бидејќи имало недостиг на веслачи во морнарицата.[17]) Потоа дава напатствие како да се испратат и тоа во групи заедно со сицилите, во кои ќе пишува со што се пројавил секој и колкава казна заслужува. Од овој распис може да се заклучи дека голем број од албанските селани, кои зеле учество во овој бунт завршиле како веслачи на турските галии. Според ова, исто така може да се заклучи дека во почетокот на ноември 1565 година бунтот во Охридскиот и Дукаѓинскиот санџак главно бил задушен. Ова се потврдува и со уште еден документ од 9 декември истата година во кој Диванот наредил да се изградат повеќе тврдини со цел да се спречат понатамошните бунтови и тоа по клисурите, раскрсниците и клучните патишта на побунетата област, а особено околу селата Лура, Реч и Дарда во казата Мердит кои одамна се бунтувале. На крајот се одлучило да се соггради хисар во селото Жегор.[18])

Како последен одек на овој голем бунт биле настаните од месеците ноември и декември 1565 година во Скадарскиот санџак кои претставуваат трета и последна етапа од овој бунт. Бунтовие во Охридскиот и Дукаѓинскиот санџак имале одек и кај брдските албански и црногорски племиња во Скадарскиот сан-

---

14) М. Д. 6, док. бр. 32.
15) М. Д. 5, док. бр 2 и 3.
16) М. Д. 5, док. бр. 2.
17) М. Д. 5, док. бр. 8$^{IV}$.
18) М. Д. 6 док. бр. 22$^{I}$.

цак. За овие ноемвриски настани постојат два документа: еден од 2 а другиот од 3 декември 1565 година.[19]) Во нив се вели дека неверниците од нахиите Пипер, Братоножиќи, Бремица, Букмир, Гојсалиќ, Црмница и Кучи кои припаѓале на околијата на Подгорица, како и селата Степанија и Селце од нахијата Климент, се побуниле. Тие не ја признавале турската власт и затоа меѓу нив си назначиле лица за кнезови, кадии и субаши и „луѓето во сите работи на нив им се обраќаат и така во судските дела не се обрнуваат до чесниот Шеријат и отворено го кренале бајракот на бунтот".[20]) Бунтувајќи се отепале 7 закупци кои ги закупиле даноците од тие краишта, ги зазеле патиштата за пристаништето Рисан и ги запалиле Ебре, Митровиќи и Веруша. Поради сето ова војските од Скадарскиот санџак се обиделе да го задушат овој последен пламен на бунтот. Бидејќи само со своите трупи не можеле да го задушат бунтот, санџак-бегот на Скадар Турали-бег и кадиите од Подгорица и Скадар испратиле писмо до Високата порта со молба да им биде испратена помош. И овој пат Диванот одлучил да бидат испратени војски од соседните санџаци. Високата порта му наредила на 2 декември 1565 година на Јонус бег, санџак-бег на Херцеговскиот санџак, да испрати помош на скадарскиот санџак-бег Турали-бег доволно количество на стрелци со пушки, мустахфизи од калињата и други пешаци наоружани со стрели, лакови и копја од нахиите Никшиќ, Перепол и Дорнијак.[21]) Исти вакви наредби биле испратени и на охридскиот бег и на елбасанскиот бег Шабан-бег како и на бегот од Авлона. Во овие наредби се давале упатства: сите војски да се соберат во Скадар, потоа да се затворат премините од каде бунтовниците можеле да поминат, побунетите краишта да се опколат и потоа да се удри немилосрдно на нив, селата да им се запалат, нештата да им се ограбат а нивните жени и деца да се поробат.[22])

Последниот документ, што се однесува на овие настани, напишан е релативно доцна дури на 5 ноември 1568 година. Меѓутоа, од овој документ може да се проценат последиците од бунтот во 1565 година кои биле чувствувани неколку години. Исто така се заклучува дека селата Серви, Улвишт и Енверез биле не само најбунтовни, туку истите не се смириле ни во 1566, ни во 1567 година и дека турските власти сѐ до ноември 1568 година не можеле од нив да го соберат харачот и другите давачки и дека по углед на нив и другите околни села не ги давале давачките. Репресалиите на труските власти биле жестоки бидејќи по бунтот многу села запустеле, некои жители од немирните области ја напуштиле земјата и „со бегање на жителите

---

19) М. Д. 6, док. бр. 19—20 и 21.
20) М. Д. 6, док. бр. 19—20.
21) М. Д. 6, док. бр. 21
22) Исто.

земјата станала тврда и каменита".[23]) Селаните од тие области се разотишле по околните котлини и полиња. Меѓутоа, во документот се изразува жалење што не се разбегале и трите најбунтовни гореспомнати села и се предлагало принудно да се населат во поле, т.е. во рамнина кадешто ќе бидат мирни, а избеганите селани пак принудно да се вратат во нивните бивши брдски села за да ја обработуваат земјата и така државата и спахиите да не губат од своите приходи а „областа ќе расцвета".[24] Понатаму, во документот се даваат напатствија, ако тие и понатаму не го даваат харачот, дукаѓинскиот бег Касим со војска ќе тргне пак против нив, а ако неговите војски се недостатни — да земе војска и од Охридскиот и од Скадарскиот санџак. Од овој документ јасно се гледа дека селаните ги одбегнувале сите давачки, а особено харачот. Бидејќи муслиманите не го плаќале харачот и жителите на побунетите села формално го примале исламот, а всушност и понатаму се држеле за старата религија христијанството. Иако пред турските власти тие се декларирале како муслимани, и понатаму оделе во црква, децата ги крстеле кај поповите со христијански имиња, ги женеле во црква и се придржувале кон старите обичаи. Тие имале две имиња: едно христијанско со кое се служеле меѓу нив во семејствата, а второ — муслиманско со кое се довикувале на јавни места и пред органите на власта како, на пр., Хасан Богдан или Хрз Дамјан. За вакви лица, кои јасно се декларирале како муслимани, а тајно и понатаму се држеле за христијанството, се вели „дозволено е убивање на сите вакви групи"[25]). Меѓутоа, тие што го примиле исламот отпрвин макар и формално, од деценија на деценија, од генерација на генерација сè повеќе се приклонувале кон новата вера, двоверството постепено нестанувало, а заедно со тоа и овие краишта сè повеќе се смирувале. Со примањето на исламот, од бунтовни елементи постепено, но сигурно, станувале соработници на власта која подоцна умешно и вешто успевала секој нов бунт да го прикаже како бунт против исламот и да ги насаскува двете религии една против друга. На овој начин властите успевале да ги разединат селските маси и во колку повеќе се зацврстувал исламот во овие бунтовни краишта во толку се зацврстувала и турската власт. Од овој документ се гледа дека во тие краишта во 1568 година уште владеело двоверство, дека исламот со економски и принудни методи бргу навлегувал, но дека уште не успеал наполно да преовлада. По сè изгледа дека од ова време датира и примањето на исламот од бројното македонско население, денес наречено Торбеши и Горани кое живее во граничната област меѓу Македонија и Албанија.

---

[23]) М. Д. 7, док. 8.

[24]) Исто.

[25]) Исто.

Од сите овие документи може да се заклучи дека бунтот имал масовен карактер, дека во него учествувале за она време голем број луѓе од сите етнички елементи кои тогаш живееле во овие краишта и тоа Срби, Црногорци и Македонци, а особено Албанци кои уште не го беа примиле исламот бидејќи во документите изрично се вели дека се бунтувале „неверници". И покрај тоа што бунтот бил масовен, тој имал локален карактер бидејќи областите не се побуниле наеднаш туку бунтот прво започнал во Долни Дебар и кога таму истиот бил при крај се раширил во Дукаѓинскиот санџак, а кога тука бил на задушување се побуниле брдските племиња во Скадарскиот санџак. Бидејќи во документите многу се инсистира на тоа дека побунетите биле „неверници", може да се заклучи оти верата ги обединувала сите бунтовници и оти етничките разлики не играле голема улога и поради тоа бунтот имал антитурски и антимуслимански карактер. Значајно е и тоа што бунтот се одвивал на мошне голема територија и тоа покрај албанските пристаништа и така биле оневозможени стопанските и другите врски со централниот дел на Балканскиот Полуостров.

Меѓутоа, по задушувањето на овој бунт во декември 1565 година овој крај често се кревал во нови бунтови кои исто така албанската историографија не ги забележала а за кои ќе стане збор во идните мои статии.

Овој бунт, кој цела една година ги ангажирал турските власти — од локалните па сè до султанскиот Диван, се надевам ќе најде достојно место во албанската историографија. Поради тоа сите документи што се однесуваат на овој бунт ги давам во превод по хронолошки ред.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 1

**Наредба за да бидат фатени Диване Хамза и неговите браќа во Дебарската каза кои грабнале деца и ги продавале, потоа запалиле еден воденичар заедно со неговата воденица и се сокриле кај санџак — бегот на Трикала**

29 декември 1564 година 6/28[26])

Напишано е и дадено на неговиот ќетхуда на 25 џумада -л-еввел.

Наредба до елбасанскиот санџак — бег. Испратено е писмо во кое се известува дека дошле: Али — син на Мехмед, Хасан — син на Абдула, Мустафа — син на Абдула и други жители на селото Мелуково, од Дебарската каза која му припаѓала на спо-

---

[26]) Првата бројка означува број на дефтерот ,а втората број на документвт на пр. мухиме дефтер 6, документ 28.

менатиот санџак и рекле: „Лицата Диване Хамза и неговите браќа: Хусеин, Уруч Евла и Мустафа ги палат селата и Обласга, 10 наши дечиња со сила ги зедоа и ги продадоа; нашиот сосед Сарач Хусеин и неговиот сопатник нестанаа; отепаа еден наш воденичар и тоа така што го запалија зедно со воденицата. Ние не сме во состојба да ги фатиме споменатите крадци, арамии и друмски разбојници. Се слушна дека тие сега се наоѓаат кај санџак — бегот на Трикала. Молат царска наредба, каде и да се најдат да бидат фатени и уапсени“.

Наредувам, кога ќе стигне, ако е така како што е соопштено, според мојата чесна наредба, во било кој санџак да се наоѓаат тие бунтовници и злосторници кои се бунтуваат на начин како што е горе образложено, нека бидат барани и фатени и по Шеријатот на самото место да бидат разгледани нивните дела, а резултатите што ќе се добијат, да се напишат според вистината и да ни ги соопштите. Така да знаете.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 2

### **Наредба за да биде задушен бунтот со спахии, хисар—ери и азапи во селата на Дукаѓинскиот санџак**

26 февруари 1565 година 6/31

Дадено е на неговиот ќетхуда на 25 рецеп 972 година.

Наредба до дукаѓинскиот бег. Испратено е писмо и соопштено дека неверниците од селата Брод, Раб, Ребја, Арасне, Риле, Инбале, Кечтар, Калумрина, Кош, Кучук Финте, Билакза, Кучук Мердит, Бујук Мердит, Колчник, Кртлу, Мамиш, Улвишт, Серви, што ѝ припаѓале на Дукаѓинската лива се бунтуваат. Освен што ги пљачкаат предметите и имотот на трговците кои поминуваат одејќи кон пристаништата, тие нападнале и некои села во Скадарскиот санџак. Храна и продукти им пристигнуваат од неверниците на споменатото село Мамиш. Така, бидејќи не се казнети, патиштата се затворени. Утврдено е дека ѝ прават многубројни зулуми на сиромаштијата. Така, бидејќи постои наредба да бидат казнети, потребно е да се одредат како помош хисар—ери и азапи од санџаците на Охрид и Елбасан и од скадарскиот бег.

Поради, тоа, според твоето соопштение, штом побара да ти дојдат како помош хисар—ери и азапи од споменатите санџаци на Охрид, Елбасан и од скадарскиот бег; напишани се мои чесни наредби до луѓето на моите споменати бегови за да ти испратат, и ти испратија.

Наредувам, кога ќе стигне, разгледај; ако нема можност за смирување на споменатите бунтовници и ако е потребно

нивно уништување, чекај прилика, близу е времето кога ќе се удри на нив, кога ќе пристигнат чесните наредби кои се напишани до луѓето на моите понапред споменати бегови за да ти помогнат. Побарај доволно количество мустахфизи и азапи од Охрид и Елбасан и спахии од споменатиот санџак, бидете концентрирани сите на едно место, преземи добри мерки, бидете еднодушни и сложни и удрете на нив. Опколете ги нивните краишта, ставете го под сабја простаклакот на селата што не се покоруваат, поробете ги нивните жени и деца, а нивниот имот ограбете го. Да ги казниш како што е потребно за да биде неопходна поука и пример на другите.

Преземете мерки и многу да внимавате — во моите среќни царски денови — по овој повод да не се прави зулум и да не се нанесува штета на областа, на рајата и на патниците.

Многу да се чувате од секаква немарности ако постапувате спротивно на мојата чесна наредба и напаѓате врз семејствата, предметите и добитокот на рајата која си ја гледа својата работа и е послушна и покорна, или ако не ги утврдите сите злосторства, ако ослободувате бунтовници и ако без потреба ги навредуваат месните жители. Во спротивно, последиците ти ќе ги поднесуваш. Да знаеш!

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 3

**Наредба до Охридскиот бег да даде доволно стрелци со пушки, со стрели, лакови и копја за да биде задушена буната во Дукаѓинскиот санџак**

26 февруари 1565 година 6/32

Напишано е и дадено на ќетхудата на дукаѓинскиот бег.

Наредба од охридскиот бег. Сегашниот дукаѓински бег Ахмед — нека му продолжи славата, испратил писмо до мојата Висока порта и соопштил дека неверниците од некои села на тој санџак се бунеле, им ги пресечувале патиштата на трговците. им го грабале имотот и предметите, правеле голем бунт и злосторства. На никој начин не е можно да бидат смирени и потребно е да бидат уништени.

Бидејќи е соопштено дека е потребно да му се помогне со мустахфизи на тврдините, со азапи и со храбри и способни за борба луѓе наоружени со стрели, лакови и копја од твојот санџак, наредувам: штом ќе пристигне писмото и човекот на споменатиот, собери доволно количество на мустахфизи од тврдините, азапи, стрелци со пушки и луѓе, храбри и способни за борба, вооружени со стрели, лакови и копја од твојот санџак; постави им еден достоен војвода за сердар и испрати му ги. Ко-

ѓа ќе стигнат, прифати ги споменатите мустахфизи и азапи, а на споменатиот војвода и на луѓето кои ќе бидат на служба и ќе помагаат, на еден погоден начин да им напоменеш и да ги предупредиш, во одењето и враќањето многу да внимаваат да не нанесуваат штета на ниедно лице и да не напаѓаат на рајата, која е по патот. Така, ако се чуе дека некој напаѓа, последиците ти ќе ги поднесуваш. Да знаеш.

Напишано е и дадено на дукаѓинскиот бег. Еден примерок е напишан за елбасанскиот санџак—бег, на начин како што е образложено.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 4

**Наредба за да бидат фатени Гази, Курд и „Арештос" кои биле бунтовници зашто, ги наговарале робовите и слугите на муслиманите да ги напуштат своите господари, а потоа истите ги продавале**

29 април 1565 година 6/42

Напишано е и дадено на силахдарот Јусуф, кој дојде да се жали на 28 рамазан 972 година.

Наредба до охридскиот бег и дебарскиот кадија. Соопштено е дека лицата, познати како Гази, Курд и „Арештос" од споменатата каза, се бунтовници. Тие ги наговарале робовите и децата на муслиманите да ги напуштат своите господари и ги продавале. Нивните напади врз рајата, спротивно на чесниот Шеријат, немаат крај.

Наредувам, кога ќе стигне мојата чесна наредба, ако навистина споменатите се бунтовници и злосторници, и ако по Шеријатот тоа се докаже, нека бидат регистрирани делата што се докажани по Шеријатот; нека им биде поставено едно доверено лице и заедно со копиите од сицилите нека бидат спроведени до Високата порта.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 5

**Наредба со која требало да биде фатен Искендер од Охридски санџак, кој се прикажува како спахија, а од друга страна шета по селата и граба добиток, деца, девојки и ги палел ановите**

26 мај 1565 година 6/48

Напишано е.

Писмото што е испратено, е дадено на Хасан, противник на Искендер на 25 шеввал 972 година.

Наредба до охридскиот бег и кадијата на Мат. Ти, кој си кадија, си испратил писмо и си соопштил дека жителите на селото Батни, што и припаѓа на твојата каза, дошле во шеријатскиот меџлис и изјавиле: „Лицето Искендер син на Исхак, жител на споменатото село, шета по селата и зборува:‚Спахија сум и 2-3 пати во годината одам во мојот тимар'. А луѓето од законот доаѓаат, не фаќаат, ни наредуваат и ни зборуваат: ‚Најдете го!' и многу пари ни земаат. Истиот го украл синот на сестрата на зимијата Домазет и две девојки на Мехмеда, жител од споменатото село; ги запалил ановите на Јусуфа, на Ѓон и на Ѓенел; од лицето Мирла земал 3 кози и 2 вола; од Мехмед украл 7 јариња; дошол на нивата на спахијата Мирла, ги собрал воловите и предметите, го нападнал, го ранил и вакните негови бунтови немаат крај".

Поради тоа наредувам, кога ќе стигне (наредбата), споменатиот нека се спроведе, ако е отсутен, нека се пронајдат сите оние кои според Шеријатот се потребни, да бидат испратени и да се соочат со партнерите. Ако (делото) не е разгледано според Шеријатот и ако од тужбата не поминало повеќе од 15 години, тоа нека се разгледа според чесниот Шеријат.

Разгледајте, ако е како што е известено откако ќе им биде дадена за право на оние кои според чесниот Шеријат имаат право; споменатиот нека се затвори во тврдината, нека детално се напише за делата што се докажани и со копиите на сиџилите да го испратите до мојата Висока порта.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 6

**Наредба до елбасанскиот бег да му помага со војска на дукаѓинскиот бег за да биде ликвидирана побуната, а за таа цел од Високата порта биле испратени уште 200 јаничари.**

**21 септември 1565 година** **5/3**

Напишано е и дадено на Сефер, ќетхуда на дукаѓинскиот бег на 25 сафер 973 година.

Наредба до елбасанскиот бег Ахмед-бег.

Примерот меѓу племенитите емири, сегашниот дукаѓински бег Ахмед — нека му потрае славата, испратил писмо до мојот Среќен праг и известил дека додека бил во инспекција по вилаетот заедно со своите спахии, Улвишт, Серви и многу други бунтовници — ќафири се собрале, ограбиле и отепале некои трговци, а нему му отепале неколку војводи, и дека војските што се кај него не се доволни за нивното казнување.

За да се казнат споменатите бунтовници и да се ликвидираат нивните злосторства одредив и испратив 200 јаничари од мојата Висока порта.

Исто така и за тебе постои наредба да му помогнеш (на дукаѓинскиот бег). Наредувам, штом ќе стигне (наредбата) и кога ќе ти дојде вест од дукаѓинскиот бег дека ти бара (војска), никако да не задоцнуваш, туку спрема можноста да ги вложиш усилбите и со војската и другите луѓе од тврдините што се наоѓаат во твојот санџак итно да се сретнеш со споменатиот, сложно и здружно, и на начин како што е погодно да вложите многубројни усилби и грижи за да ги ликвидирате споменатите бунтовници.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 7

### Наредба за да биде задушена буната на селата од нахиите Фанти и Јуфте

23 септември 1565 година 5/2

Напишано е и дадено на "етхудата Сефер на 27 сафер 973 година.

Наредба до дукаѓенскиот бег.

Ни испрати писмо и нè извести дека Улвишт, Серви и Кош станале главатари на многу бунтовници, тргнале со цел да ги запалат јајлаците и да опљачкаат некои села во нахиите Дебар и Гора. Кога дошле луѓе да ти бараат помош, ти со твоите спахии, војводи и трговците што поминувале по патот на чие чело си ставил храбри луѓе, си тргнал кон тие нахии, собраните бунтовници си ги ликвидирал и никому не си му нанесол штета. Но, додека си се наоѓал на таа должност со 40 спахии; се кренала целата нахија Фанти како и селата Брод, Раб, Ребја, Арасне, Зејаде, Улвишт и Куш од нахијата Јуфте. Со твоите војводи и трговци си ставил ноќе заседа на патиштата и си започнал борба. Бидејќи бунтовниците биле многу, двајца трговци биле отепани, а многу твои луѓе ранети. Им биле земени само коњските товари. Ти беше известил дека и порано тие отепале двајца луѓе и еден војвода и дека за нивното казнување е потребно повеќе војска.

Поради тоа, потребно е на време да се казнат споменатите бунтовници. Меѓутоа, бидејќи војските од Скадар и другите мои беглери се наоѓаат во воен поход, за чување и заштита на областа и патниците назначив и ти испратив 200 јаничари од мојата Висока порта.

Наредувам, штом ќе стигне мојата чесна наредба, ти да се грижиш за овој случај. Со твоите луѓе, со спахиите и другите,

да се грижиш, на секој можен начин да ги фатиш споменатите бунтовници, да ги казниш според Шеријатот и Законот и да вложиш многубројни напори за да не се нанесе штета на областа, вилаетот и патниците. Да бидеш буден и многу да се држиш тие да не им нанесат штета на областа, вилаетот, рајата и берајата. Според укажаното преземи добри мерки и со благослов на бога вложи грижи и усилби да бидат фатени бунтовниците.

Така, овој пат нема да се прифатат извинувањата за направените штети на лицата и имотот. Според тоа биди буден и внимателен.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 8

### Наредба за да бидат фатени неколку спахии од Мат кои со повеќе од 500 лица го нападнале селото Мартиш во Дебарската каза, ја пожнеале и овршиле жетвата, заробиле деца и девојки од селото, ги натовариле на коњи и си заминале

24 ноември 1565 годинаа 6/18

Среда. Почеток на џумаде-л-еввел 973 година.

Напишано е и дадено на чаушот Лутфи во споменатата дата.

Наредба до елбасанскиот бег и до кадијата на Елбасан и Дебар.

До Високата порта сте испратиле писмо во кое известувате дека кај вас дошле жителите на селото Мартиш во Дебарската каза кои (вака) се жалеле: „Спахијата Искендер, жител на селото Флус од казата Мат со неговите синови и жителите на споменатото село; спахијата Хасан од село Дердас со синовите; спахијата Мустафа од споменатото село со жителите на селото; зимиите Бебе,, Атше, Милош и Коле од селото Мете со 100 лица; спахијата Мехмед со своите синови и другари; лицето Хусеин Баш[27]) од селото Мастар што му припаѓа на казата Ак Хисар со 50 лица; зимијата „Устура“[28]) од селото Иштиба со 30 лица; — се собраа над 500 лица и дојдоа со споменатиот Искендер, ја пожнеаја жетвата во нашето село чии граници се одамна определени и фиксирани, направија гумно, ја овршија, жетвата ја натоварија на нивните коњи и ни однесоа повеќе од 60 товари храна, а нашите деца и девојки ги заробија и на други ги продаваат.”

---

27) Во овој документ името „Хусеин Баш“ е изоставено, но во документ 6/24 е јасно напишано.

28) „Устура“ е прекор, а буквално значи брич.

Поради тоа наредувам, кога ќе стигне мојата чесна наредба, да бидат фатени споменатиот Искендер, неговите синови и оние кои одат по овој пат. Оние кои избегале, а според Шеријатот се потребни, нека бидат пронајдени, нека се соочат со спротивната страна, ако не поминало повеќе од 15 години и ако случајот не е разгледан според Шеријатот, нека се изврши истрага и нека се разгледа. Откако, според чесниот Шеријат ќе се установат и утврдат бунтовништвата и злосторствата на споменатите и откако ќе им се даде право на оние кои се обратиле до судот, нека бидат уапсени оние кои направиле зулуми и напад. Детално пишете за делата кои против нив ќе се установат и утврдат. Известете според настаните. Многу да се чувате ако случајот го соопштите спротивно на Законот и ако постапувате спротивно на чесниот Шеријат.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 9

**Наредба за злосторниците кои не биле за ликвидирање и бесење, да бидат испратени за веслачи**

25 ноември 1565 година. 5/8 IV

Напишано е и дадено на ќетхудата на бегот на Ниф (Нимфис) на 2 џумаде-леввел 973 година.

Наредбата до бегот на Ајдин.

Сегашниот бег на Сифла (?) Хзр — нека му продолжи славата — испратил човек и известил дека не биле дадени оние што се пројавиле со палење од твојот санџак, а има недостиг на бродски веслачи.

Наредувам, лицата од твојот санџак кои се пројавиле со грубо злосторство, а според Шеријатот не заслужуваат да бидат ликвидирани или обесени, таквите злосторници да ги предадеш за веслачи. Да направиш список колку злосторници си предал, со што се пројавил и каква казна има секој од нив. Списоците, заедно со копиите од сицилите да бидат испратени до мојата Висока порта. Еден примерок да биде испратен и на споменатиот. Меѓутоа, многу да се чуваш, ако под овој изговор се граба и зема или ако некој се меша спротивно на Шеријатот и Законот. Ако некој правел бунт и гадост и ако тужители покренале тужба; оние на кои казните им се потврдени да ги испратиш (за веслачи).

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 10

**Наредба до херцеговскиот санџак — бег да даде доволно количество стрелци и пешаци за да се задуши побуната во Скадарскиот санџак.**

2 декември 1565 година 6/21

Наредба до бегот на Херцеговскиот санџак Јонус — бег.

Постои моја наредба со која треба да се казнат некои бунтовнички села, кои се наоѓаат во санџакот на скадарскиот бег Турали — нека му продолжи славата. За помош на споменатиот, постои наредба да дадеш стрелци со пушки — мустахфизи и способни за бој и борба, пешаци наоружени со стрели, лакови и копја.

Наредувам, штом ќе дојде писмото и човекот на споменатиот, со мојата чесна наредба, на која треба да се покориш; да дадеш — бидејќи се бара: едно количество на стрелци со пушки — мустахфизи од калињата кои се наоѓаат во твојот санџак; како и доволен број храбри пешаци, наоружени со стрели, лакови и копја од нахиите Никшиќ, Перепол и Дорнијак. Некој храбар војвода нека им стане сердар и нека бидат испратени на споменатиот.

Земените споменати војводски мустахфизи и пешаци, помошта и службата да ја вршат на најпогоден начин. Ти напоменувам и те предупредувам, да внимаваат и да не напаѓаат на рајата одејќи и враќајќи се од тие места. Така. Ако се чуе дека некого нападнале и го злосторствувале, последиците ти ќе ги поднесуваш! Така да знаеш!

Напишано. Еден примерок на елбасанскиот бег Шабан бег.

Напишано. Еден примерок на охридскиот бег.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 11

**Наредба, стрелци со пушки и пешаци со лакови, стрели и копја од санџаците на Херцеговина, Елбасан, Авлона и Охрид да го задушат бунтот околу Подгорица и Климент. Побунетите сами си поставаат кнезови, кадии и субаши и ги затворат пристапите до пристаништата.**

3 декември 1565 година 6/19—20

Напишана е наредба и дадена на неговиот ќетхуда на 10 џумаде-л-еввел 973 година.

Бегот на Скадар, Турали и сегашните кадии на Скадар и Подгорица испратиле писмо до Високата порта и известиле дека неверниците од нахиите Пипер, Братоножиќи, Бремица, Букмир,

Гојсалиќ, Црмница и Кучи, кои им припаѓаат на Подгорица и околните кази, и од селата Степаније и Селце од (нахијата) Клемент, уште одамна се бунтовници. Меѓу нив некои лица се нарекувале кнезови; врз основа на своеволни, лоши и расипнички претензии; некој се именувал за кадија, а некој за субаша и луѓето за сите работи ним им се обраќаат, и така во судските дела не се обрнуваат до чесниот Шеријат. Отворено го кренале бајракот. Го ограбиле селото Мартиниќи, нивниот добиток и предмети ги опљачкале, а луѓето ги одвеле во ропство, отепале 7 сиромашни закупци; исто така ограбиле некои села што и припаѓаат на Херцеговската лива, им ги опљачкале предметите и добитокот, заробиле луѓе и многу раниле. Ги затвориле патиштата за пристаништето Рисан, наполно ги запалиле Ебре, Митровиќи и Веруша и е известено дека не постои можност споменатите бунтовници да се смират.

Поради тоа, ти кога побара стрелци со пушки од тврдините, пешаци наоружани со лакови и стрели и војводи од санџаците на Херцеговина, Елбасан, Авлона и Охрид; беа напишани чесни наредби до споменатите санџакбегови да ти испратат доволно количество помош и тие ти испратија.

Наредувам, кога ќе дојде мојата чесна наредба на која треба да се покориш, разгледај ја и да не се отстрануваш од смирувањето на споменатите бунтовници. Ако е потребно нивно уништување, чекај погодна прилика. Бидејќи е близу времето кога ќе се удри на нив според моите чесни наредби, кои ги напишав за да ти помогнат луѓето на напред споменатите бегови. Треба меѓусебно да бидат поврзани и бараните мустахфизи т.е. споменатите стрелци со пушки, пешаците наоружани со стрели, лакови и копја, како и војводите нека се соберат кај тебе; однапред затвори ги патиштата од каде што можат да избегаат, преземи добри мерки и кога ќе ти се даде прилика, тргни против нив. Нивните краишта нека бидат опколени и нека биде ставен под сабја простаклакот на селата што се непослушни, нека бидат земени во ропство нивните деца и жени, а предметите и имотите нека им бидат ограбени и опљачкани. Да ги казните како што е потребно за да биде неопходна опомена и пример на другите. Во моите среќни царски денови, обласа, рајата и патниците нека бидат осигурени од нивните штети и бунтовништва. Во овој случај да бидеш многу внимателен за да не создадеш причина за незадоволство со залудно навредување на луѓето и со ослободувањето на злосторниците.

Поради тоа, да не постапуваш спротивно на мојата наредба и да напаѓаш на семејствата, предметите и добитокот на рајата која е покорна и послушна и си ја гледа својата работа.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 12

**Наредба. Бидејќи селата Лура, Реч и Дарда од казата Мердит одамна се бунтувале и по булуци, со оружје и муниција напаѓале на села; се наредувало таму да се соггради еден хисар**

9 декември 1565 година 6/22[1]

Напишано е и дадено на ќетхудата на бегот на 16 џумаде-л-евел 973 година.

Наредба до охридскиот бег Хусеин Хаш и до дебарскиот кадија.

Си испратил писмо во кое известуваш дека селата Лура, Реч и Дарда, кои се наоѓаат во планинската област на казата Мердит, одамна се бунтувале; по булуци, со оружје и муниција ги напаѓале селата, убивале луѓе, предметите и добитокот го грабале и бидејќи споменатите групи се ајдутски, си известил дека постои препорака од рајата, во местото Жегор да се соггради хисар.

Наредувам, да се соггради.

На 10 ден од ребиу-л-еввел 973 година.

Напишано е по еден примерок до елбасанскиот бег и до кадијата на Ишбат. Напишано е како подолу.

## ДОКУМЕНТ БРОЈ 13

**Наредба. Да се уништат бунтовниците од Дукаѓинскиот санџак кои не давале харач туку развеале бајраци, открадвале 5 000 овци, и полно жители од тие села се разбегале, земјата останала необработена. Да бидат истепани сите оние кои за да не би давале харач јавно се прикажувале муслимани, а тајно се држеле за старите невернички религиозни обреди.**

5 ноември 1568 година 7/8

Напишано е и дадено на неговиот ќетхуда на 15 џума-де-л-еввел 976 година.

Наредба до дукаѓинскиот бег Касим-бег.

До мојата Висока порта си испратил писмо во кое си известил дека неверниците од селата Серви, Улвишт и Енверез од споменатата лива одамна се бунтувале, не давале харач, се собирале и јавно развеале бајраци. Ним им се приклучиле многу други бунтовници и од целепите на летните пасишта од Шар-планина украле 5 000 овци. Жителите од 5-6 села што се во близината, од нивните злосторства се разбегале и ја напуштиле облас-

та. Со бегање на месните жители, земјата станала тврда и каменита. Вакви бунтови правеле. Така, ако еднаш се удри на нив, потоа, оние што ќе останат ако се кренат од таа тврда и каменита област и ако се населат во поле народот од вилаетот ќе се зачува од нивните злосторства, а жителите од селата што се разбегале ќе се вратат во своите места и (областа) ќе расцвета.

Наредувам, кога ќе стигне, по овој повод, грижи се како што е потребно, на најпогоден начин да ги фатиш раководителите на неверниците од споменатите села кои се бунтуваат, да ги казниш и така да бидат уништени нивните злосторства и бунтови. Ако ваквите нивни зулуми и напади што им ги прават на другите не можеш да ги спречиш; испратив чесни наредби до беговите на Скадар и Охрид и до диздарите на споменатите санџаци, кога ќе побараш луѓе да ти дадат помош. Им напишав моја чесна наредба со следното: „Итно без одлагање, одреди, собери и испрати доволно количество храбри стрелци со пушки од Хисар-ерите, од тврдините што се во вашите санџаци".

Така кога ќе биде потребно да се удри, да бидат ограбени и опљачкани селата и кога ќе ви побара доволно количество луѓе, да му ги испратите; со божји благослов тргнете против нив, удрете на нивните села, нив да ги заробите, а оние кои се послушни и покорни, без отпор, да ги симнете и да ги населите во полето.

Ако некои лица од жителите на селата што се бунтуваат за да не даваат харач се нарекуваат муслимани и живеат меѓу муслимани, а не ги уважуваат обичаите и воопшто ништо не знаат за догмите на Исламот, туку наполно ги поддржуваат неверничките религиозни обреди; ако се женат според тие невернички обреди; ако се установи дека нивните деца одат во црква, а нивните свештеници прво ги крстат, а потоа им даваат и муслимански имиња; ако се движат со неверничко име, а се довикуваат со муслиманското како на пример: Ферхат Ѓон, Бери Греш, Хрз Дамјан и Хасан Богдан и ако се регистрирани во неверничките списоци на женидба — за нив да се издаде чесна фетва со следното: „Дозволено е убивање на сите вакви групи". Во овој случај постапете според чесната фетва.

Многу да се чуваш ако постапуваш спротивно на царската наредба и чесниот Шеријат и ако бидат вознемирувани неверниците кои си ја гледаат својата работа или оние кои даваат харач и се послушни и покорни. За она што е нужно, пиши детално и извести ја мојата Висока порта.